**20262203576**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 10 став 2 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 27/20, 56/21 и 154/25), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНО ТЕХНИЧКИТЕ СТАНДАРДИ И УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОПРЕМАТА, ХАРДВЕРОТ И ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА СОФТВЕРОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИОТ ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ТУТУН ЗА ПРИЈАВЕНИ, ЕВИДЕНТИРАНИ, ДОГОВОРЕНИ ПОВРШИНИ И КОЛИЧИНИ И ОТКУПЕНИ КОЛИЧИНИ ТУТУН ПО ПРОИЗВОДИТЕЛИ, ОТКУПУВАЧИ, ПО ТИПОВИ И КЛАСИ НА ТУТУН, ПО РЕКОЛТИ ПОЕДИНЕЧНО, НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И НАДГРАДБА НА ИСТИОТ

Член 1

Во Правилникот за минимално техничките стандарди и услови кои треба да ги исполнуваат опремата, хардверот и функционалноста на софтверот за електронскиот информативен систем за евиденција на тутун за пријавени, евидентирани, договорени површини и количини и откупени количини тутун по производители, откупувачи, по типови и класи на тутун, по реколти поединечно, увезени количини необработен тутун, начинот на користење, одржување и надградба на истиот („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.181/19), насловот се менува и гласи:

„Правилник за минимално техничките стандарди и услови кои треба да ги исполнуваат опремата, хардверот и функционалноста на софтверот за електронскиот информативен систем за евиденција на тутун за пријавени, евидентирани, договорени површини и количини и откупени количини тутун по производители, откупувачи, по типови и класи на тутун, по реколти поединечно, увезени количини необработен тутун, начинот на користење, одржување и надградба на истиот.“

Член 2

Во членот 1 по зборовите „по реколти поединечно,“ се додаваат зборовите „увезени количини необработен тутун,“.

Член 3

Во член 3 алинејата 1 се менува и гласи:

„- воспоставување на електронски систем за евиденција на договорени површини и количини тутун, откупени, увезени необработени и обработени количини на тутун, по типови и сорти на тутун, за секоја реколта поединечно и генерира извештаи.“

Член 4

Во член 4 во ставот 1 воведната реченица се менува и гласи:

„Водењето на евиденцијата за пријавените, евидентираните, договорените површини и количини и откупени количини тутун по производители, откупувачи, по типови и класи на тутун, по реколти поединечно, увезени количини необработен тутун, како и за обработен тутун од берба по месеци и вкупно по откупувач се врши на следниот начин:“

Во алинејата 7 бројот „17“ се заменува со бројот „14“.

Алинејата 10 се менува и гласи:

„-откупувачот ја внесува евиденцијата за увезените количини необработен тутун, како и обработените количини на тутун од домашниот откуп од тековната реколта според образецот на евиденцијата за увезени и обработени количини на тутун;“.

Во алинејата 14 зборовите „како и обработените количини тутун збирни за секој месец и вкупно“ се заменуваат со зборовите „како и увезените необработени и обработените количини тутун од тековната реколта за секој месец и вкупно“.

Во став 2 точката 6 се менува и гласи:

„6. Внес на податоци за увезен необработен тутун и обработен тутун од тековната реколта:

- назив на откупувач;
- реколта;
- месец;
- тип на тутун (Јака, Џебел, Прилеп, Отља, Басмак, Вирџинија, Берлеј и друг тутун);
- увезен необработен тутун во кгр.;
- обработен тутун од извршен домашен откуп во кгр.;
- вкупно обработен тутун во кгр.;
- кало во кгр. и
- готов производ во кгр.“.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 29-1047/4
14 септември 2026 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Борче Серафимовски,** с.р.